Бр./ Nr./ No. 04- 88/9 Скопје,Shkup,Skopje 27.04 .2023 година/viti/year

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а по добиениот Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 78/2023 со број 10-779/7 од 26.04.2023 година од Агенцијата за администрација, Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас број 78/2023

1. За работно место **Советник за односи со јавност-ПР**, Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, Сектор за соработка, транспарентност и едукација, шифра на работно место УПР 01 01 В01 000, се избира кандидатот:

   - **Јасмина Велкова**, со идентификациски код 45ВСА58.

2. Именуванот кандидат ќе биде вработен на работно место од точка 1 од оваа Одлука по конечноста на истата за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 29.03.2023 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", објавен е Јавен оглас број 78/2023 за вработување на 1 државен службеник од Група I, подгрупа I во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за работно место Советник за односи со јавност-ПР, Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, Сектор за соработка, транспарентност и едукација.

Со Решение бр.10-779/3 од 31.03.2023 година формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас, која ја спроведе постапката за селекција за вработување по јавен оглас. По спроведената постапка за административна селекција за вработување, Комисијата изготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник со бр.10-779/4 од 13.04.2023 година, по

испитот за административен службеник, Комисијата изготви Записник од спроведениот испит за административен службеник со бр.10-779/5 од 24.04.2023 година и по спроведената постапка за проверка на веродостојност на доказите и интервјуто, Комисијата изготви Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со бр.10-779/6 од 26.04.2023 година.

Агенцијата за администрација достави Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 78/2023, со број 10-779/7 од 26.04.2023 година со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за вработување и Предлог кандидати за вработување за работно место Советник за односи со јавност-ПР, Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, Сектор за соработка, транспарентност и едукација со идентификациски код 45ВСА58, Јасмина Велкова, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 75,65, се предлага за вработување .

Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Имајќи го предвид горе наведеното, Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер ја донесе оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат во рок од осум дена од денот на објавувањето има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

**Генерален секретар,**

м-р Тања Ковачев

Република Северна Македонија
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

**Доставено до:**
- Избран кандидат;
- Агенција за администрација и
- Архива.

Изработил : Василка Поп Ѓорѓиева

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk